**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" -Скопје**
**Филозофски факултет**

Број: 04-1434/13
Датум: 17.10.2024 г.
СКОПЈЕ

*И - Образец 6*

Врз основа на член 110, член 160, член 161, член 164, член 165, член 166 и член 175 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ" бр. 82/2018 и „Сл. Весник на РСМ" бр.178/21), член 325 од Статутот на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје (Универзитетски гласник бр.425/2019), член 59 став 1 точка 9 од Статутот на Филозофски факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр.463/2019; 569/2021, 609/2022 и 647/2023), Наставно-научниот совет на факултетот, на својата II редовна сед¬ни¬ца одржана на 17.X 2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за избор во наставно-научно звање**

1. Се прифаќа реферагот на рецензензионата комисија објавен во Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. Билтен бр.1315 од 01.X 2024 година за избор на **д-р Ирена Теодора Весевска** во наставно-научно звање **редовен професор**, за следниве наставно-научни области: Средновековна археологија (6.01.02.06), Нумизматика (6.01.02.08), Теорија и историја на археологија (6.01.02.09) и Друго (Ранохристијанска археологија) (6.01.02.15).

2. Се избира **д-р Ирена Теодора Весевска** во наставно-научно звање **редовен професор**, за следниве наставно-научни области: Средновековна археологија (6.01.02.06), Нумизматика (6.01.02.08), Теорија и историја на археологија (6.01.02.09) и Друго (Ранохристијанска археологија) (6.01.02.15).

Со извршениот избор именуваниот засновува работен однос за времето на кое е избран, сметано од денот на донесување на одлука за потврдување на избор во звањето редовен професор од Универзитетскиот сенат.

Со именуваниот ќе се склучи договор за работа.

3. **д-р Ирена Теодора Весевска** се избира во наставно-научно звање **редовен професор, доживотно.**

4. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Врз основа на распишаниот Конкурс за избор во наставно-научните звање по назначените наставно-научни области како во диспозитивот на одлуката, објавен во весниците „Слободен печат" и „Коха" од 6.VIII 2024 година, се пријави: д-р Ирена Теодора Весевска.

Согласно Рефератот од страна на рецензензионата комисија, по утврдување на комплетноста на документацијата и спроведената евалуација, кандидатката д-р Ирена Теодора Весевска беше предложена за избор во наставно-научно звање редовен професор. Рефератот е објавен во Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 1315 од 01.X 2024 година.

Наставно-научниот совет на Факултетот на седницата одржана на 17.X 2024 година го разгледа и прифати рефератот и предлогот на Рецензензионата комисија и донесе одлука како во диспозитивот на актот.

По еден примерок од одлуката да се достави на: именуваниот/ата, досието, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"-Скопје, Одделението за финансиско, сметководствено и материјално работење, Одделението за човечки ресурси и настава, Одделението за правни и општи работи и архивата на Факултетот.

**Декан,**
**на Филозофскиот факултет**

проф. д-р Оливер Бакрески

Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје
Република Северна Македонија
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ

изработил: Ана Иванова
одобрил: Василка Наумоска